# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗМЕНИ ВО ОПШТИТЕ УСЛОВИ И РАМКОВЕН ДОГОВОР ЗА ОТВОРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАТЕЖНА СМЕТКА И ВРШЕЊЕ НА ДРУГИ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА

Почитувани,

Ве известуваме дека Банката изврши измена и дополнување на Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги на физички лица и правни лица кои се однесуваат на усогласување со одредби од Законот за платежни услуги и платни системи  кои ќе се применуваат од 01.03.2026 година:

Измените во **Општите услови и рамковен договор за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги на физички лица и правни лица се однесуваат на следните ставки:**

- Дополнување со информации  за обврски на корисниците согласно прописите за девизно работење во однос на трансакции со нерезидентии капитални трансакции(10.10/10.11 – ОУ за физички и правни лица);
- Се уредуваат подетално условите под кои ќе се смета дека платежните трансакции се авторизирани од страна на Корисникот (член 12.3.2 – ОУ за физички и правни лица);
- Се дополнува делот во Интернет банкарство/Мобилна апликација со нов член за Општи, сигурни и отворени стандарди за комуникација ( член 30 – ОУ за физички лица / член 37- ОУ за правни лица );
- Усогласување со законот во делот на вонсудско решавање на спорови(член 57.1.3 ОУ за физички лица / член 63.1.3 и Рамковен договор за физички и правни лица);
- се врши допрецизирање на условите за известување на клиентот во делот на известување при блокади и извршување (член 21.5 – ОУ за физички и правни лица).
- Се уредува начинот на известување на Банката кон корисникот за повластени каматни стапки и надоместоци(измена во Рамковен договор за правни лица);

Согласно Законот за платежни услуги и платни системи и Рамковниот договор, ќе се смета дека како корисник на платежни услуги, ги прифаќате промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози, доколку пред датумот на примена на измената не ја известите Банката дека ги одбивате промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози. Во тој случај, имате право да го раскинете Рамковниот договор, на било кој датум пред датумот на примена на измените, без да платите трошок или надоместок за раскинувањето.

Со почит,

НЛБ Банка АД Скопје